UDC: 347.214.2:347.447.8(497.7)

# SOME DISPUTABLE ISSUES CONCERNING REVOCATION OF A CONTRACT ON ASSIGNMENT AND DISTRIBUTION OF PROPERTY FOR LIFE

**Novak Krstić**
Associate professor, Faculty of Law, University of Niš, Republic of Serbia
e-mail: novak@prafak.ni.ac.rs
**Tamara Djurdjić**
Assistant professor, Faculty of Law, University of Kragujevac, Republic of Serbia
e-mail: tdjurdjic@gmail.com

**Abstract**

With the introduction of the notary public into the legal system of the Republic of Serbia, there has been a certain reaffirmation of a contract on assignment and distribution of property for life, which has been increasingly concluded in recent years. At the same time, an increase in the number of revocations of this contract should be expected. The legislation of Serbia and North Macedonia prescribe specific reasons for the revocation of the contract on assignment and distribution of property for life by the assignor of the property in order to protect his interests. Both legal systems provide for gross ingratitude of the descendants towards the assignor of the property as a reason for unilateral termination of the contract. When the descendants under this contract undertake obligations towards the assignor, the Macedonian legislator prescribes the possibility of unilateral termination of the contract according to the provisions governing the unilateral termination of bilaterally binding contracts. On the other hand, the Serbian legislator gives different significance to the certain obligations under the contract, and prescribes the possibility of its unilateral revocation only in the case when the descendant did not give the settled maintenance or did not pay the debts of the assignor. Insufficiently precise regulation of this type of termination of a valid contract on assignment and distribution of property for life raises a number of controversial issues. In this paper, the authors give a detailed analysis of the reasons for revoking this contract. They take into consideration courts' interpretation of the legal standard of gross ingratitude, as well as under which conditions they allow the termination of the contract in the case of not provided maintenance and non-payment of the debts.

***Keywords:*** contract on assignment and distribution of property for life, revocation of the contract, gross ingratitude, legal consequences of contract revocation

# НЕКОИ СПОРНИ ПРАШАЊА ЗА ОТПОВИКУВАЊЕТО ВО ВРСКА СО ДОГОВОРОТ ЗА ОТСТАПУВАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБА НА ИМОТОТ ЗА ВРЕМЕ НА ЖИВОТ[1]

**Новак Крстиќ**
Вонреден професор, Правен Факултет на Универзитетот во Ниш, Република Србија
e-mail: novak@prafak.ni.ac.rs
**доц. д-р Тамара Ѓурѓиќ**
Доцент, Правен факултет на Универзитетот во Крагуевац,
Република Србија
e-mail: tdjurdjic@gmail.com

**Апстракт**

Воведувањето на нотаријатот во правниот поредок на Република Србија, довело до извесни афирмации на договорот за отстапување и распределба на имотот за време на живот кој последните години сѐ почесто се склучува. Споредбено со тоа, треба да се очекува и пораст на бројните отповикувања на овој договор. Законодавствата на Србија и Северна Македонија пропишуваат специфични причини за отповикување на договорот за отстапување на имотот за време на живот од страна на отстапителот на имотот за заштита на неговите интереси. Двете права предвидуваат груба неблагодарност на потомците извршена спрема отстапителот на имотот како причина за автоматско еднострано раскинување на договорот. Кога потомците врз основа на овој договор преземале обврски спрема отстапителот, македонскиот легислатор пропишал можност за еднострано раскинување на договорот со примена на одредби кои го регулираат едностраното раскинување на договорот на двострано обврзувачките договори. Од друга страна, законодавецот придава различна тежина на поединечните обврски преземени со договорот, па можноста за еднострано отповикување ја пропишува само во случај кога потомокот не му ја пружил договорената издршка или не му ги исплатил долговите на отстапителот. Недоволно прецизната регулатива на овој вид на престанок на полноважниот договор за отстапување и рапределба на имотот за време на живот отвора бројни спорни прашања. Во трудот, авторите детално ги анализираат причините за отповикување на овој договор и разгледуваат како судовите го толкуваат правниот стандард на грубата неблагодарност, како и под кои услови дозволиле раскинување на договорот поради недавање на издршка и неплаќање на долговите.

***Клучни зборови:*** Договор за отстапување и распредлба на имотот за време на живот, отповикување, груба благодарност, правни последици на отповикување на договорот

## 1. Вовед

Раскинувањето на договорот е еден од начините за престанок на полноважниот, правно валиден договор. Раскинувањето може да биде спогодбено

[1] Трудот е резултат на истражување финансирано од страна на Министерството за образование, наука и технологија на Република Србија според договорот со регистарскиот број 451-03-9/2021-14/200120, коавтор Н. Крстиќ.

и еднострано (Антиќ, 2008, 417). Со оглед на тоа дека договорот настанува со согласност на волјата на двете страни, природно е тие согласно (*mutuus dissensus*) од него да можат да отстапат, т.е да го раскинат.[2] Поради тоа што договорот претставува коегзистенција на волјата, тој начелно не може еднострано да се раскине, освен ако е тоа со договорот предвидено од дефинирани причини (што повторно претставува волја од обете страни)[3] или кога е тоа со закон уредено.[4] Причините и начинот на раскинување на добронамерните и товарните правни работи кои ги карактеризира принципот на еквиваленција, во многу работи се разликуваат. За правните работи кои претставуваат акт на дарување, важи посебен правен режим на раскинување, чиј услов зависи од самата природа на овие договори. Иако за договорит за дар (подарок) важи принципиелното правило дека не може да се отповика, до отповикувањето може да дојде доколку е тоа договорено или пропишано со закон.

Договорот за отстапување и распределба на имотот за време на живот е правно дело на основа на која кога отстапителот-предокот за време на животот го отстапува и го распределува целокупниот свој имот или еден нејзин дел на своите потомци, под услов со тоа да се согласиле сите потомци кои според закон ќе го наследат. Кога станува збор за облигационоправен договор за наследно право, за него важат општите правила на облигационото право во врска со неговото раскинување. Меѓутоа, уште од сојузниот Закон за наследување[5] па сè до денес, законодавецот се определил да ги регулира посебните причини за еднострано раскинување на ова правно дело, начинот на раскинување и најзачајните наследноправни последици на раскинувањето. Целта била посебно внимание да им се укаже на некои специфични околности кои можат да настапат по склучувањето на договорот. Интенцијата на законодавецот била првенствено да ги заштити интересот на отстапителот и да му гарантира ексклузивно право дека во исклучително оправдани, со закон дефинирани ситуации, да го раскине договорот и да бара враќање на даденото, за да се заштитат неговите основни моралнии економски интереси (Антиќ, Балиновац, 1996, 492). Со законот не се посебно определени ситуациите кога право на раскинување имаат потомците.

2 „*Што двојица углаве, иста двојица разврћи могу*" (чл. 1024 Општ имотен законик за Црна Гора).

3 Српскиот граѓански законик не пропишал експлицитна можност за договарање на отповиковањето. Општиот имотен законик за Црна Гора имал и поинаков пристап: „*Дар који је једном законито учињен, а тим нико против закона оштећен није, не може се више натраг искати, осим ако је шта друго изречно углављено*" (чл. 487).

4 Затоа во правната теорија причините за раскинување на договорот кои се однесуваат на договрорните страни се делат на причини кои се предвидени со волјата на соговорникот и причини кои се регулирани со закон (Перовиќ, 1981, 618; Лазаревиќ, 2010, 172).

5 *Сл. лист ФНРЈ*, бр. 20/1955 и *Сл. лист СФРЈ*, бр. 42/1965 и 47/1965. Понатаму: ЗОН од 1955 година.

Во важечкото српското право овој договор е регулиран со член 182–193 од Законот за наследување,[6] а во правото на Северна Македонија со член 1022–1028 од Законот за облигациони односи.[7] Причините за отповикување на договорот се поставени на различни основи и регулирани на различни начини, а двете законодавства посветуваат само по еден член од законите за ова прашање. Покрај сиромашните и недоволно прецизни законски решенија, раскинувањето на договорот за отстапување и распределба на имотот за време на живот, оставени се бројни прашања па неопходно е да се анализираат. Со оглед на тоа што сме на мислење дека најбизок сродник на ова правно дело, земајќи ја предид неговата правна природа, е договорот за подарок, нам ни се чини дека многу правила кои се однесуваат на подарокот може да се применат на раскинувањето и отповикувањето на договорот за отстапување и распределба на имотот за време на живот. Во таа смисла, поединечни причини за раскинување на договорот за отстапување и распределба на имотот за време на живот ќе бидат анализирани преку призма на решенија кои се однесуваат на договорот за подарок. Освен тоа, ќе се согледаат и бројни теоретски дилеми кои се јавуваат во врска со раскинувањето на подарокот, а кои можат да се доведат во врска и со договорот за отстатпување и распределба на имотот за време на живот. Ова правно дело може да се раскине и од причини поради кои можат да се раскинат некои товарни правни дела, пред сѐ договорот за доживотна издршка. Во овој труд одредени причини за раскинување ќе се разгледуваат и од агол на тие договори.

## 2. Основни забелешки за раскинување и отповикување на договорот

Членот на законот кој го регулира правото на еднострано раскинување на договорот за отстапување и распределба на имотот за време на живот носи маргинален наслов „Отповикување". Од таа „традиција", со која започнал сојузниот ЗОН во 1955 година, не отстапил ниту важечкиот ЗОН. Од друга страна, во македонското право чл. 1028 од ЗОО е насловен „Раскинување и отповикување".

Во литературата разни правни теоретичари за овој вид на престанување на договорот користат различни термини. Едни се придржуваат на словото на законот и зборуваат за *отповикување* на договорот и распределба на имотот за време на живот, додека други се определуваат да го користат терминот *раскинување.*[8] Треба да се забележи дека за двострани правни дела се употребува термиот *отповикување*, како вид на престанување на договореното,

[6] *Сл. гласник РС*, бр. 46/1995, 101/2003 – одлука УСРС и 6/2015. Понатаму: ЗОН.

[7] *Службен весник на РМ*, бр. 18/2001, 78/2001 – одлука на УС, 4/2002, 59/2002 – одлука на УС, 5/2003, 84/2008, 81/2009, 161/2009, 23/2013 – др. закон и 123/13 – испр. Понатаму: ЗООМК.

[8] Проф. Стојановиќ (2008, 34) ја критикува употребата и задржувањето на „неадекватната терминологија", наведувајќи дека е можно да се отповика само со еднострана изјава на волјата, не и со договори.

во легислативата се користи само кај подарок и договор за отстапување и распределба на имотот за време на живот кои во својата суштина се даровни правни дела.[9]

Отповикувањето (ревокација, *revocatio*) во доктрина се разгледува како вид на раскинување на правните дела и му се дава потесно и пошироко значење. Во потесна смисла, отповикувањето претставува одземање на важноста на прввавното дело со волја на самиот субјект – еднострана изјава на волјата која содржи намера на претходната изјава да се одземе дејството. Ваквото поимање се врзува со завршување на дејството на едностраните изјави на волјата (тестамент, понуда, јавно ветување на награда). Пошироко значење на отповикувањето има кај подарокот, каде што под отповикување се подразбира престанок на дејството на подарокот од предвидени причини со закон, на основа на еднострана изјава на подарувачот, со одлука на судот или *ipso facto*, т.е. со самото настапување на причината (Ѓурѓевиќ, 2012, 222). За разлика од раскинувањето, до кое може да дојде по засновање на облигациониот однос и кога договорот не е извршен, до отповикувањето доаѓа кога подарокот е веќе извршен па се бара да се врати. Ревокацијата на подарокот претставува цивилна казна за неблагодарниот примач на подарокот (Радишиќ, 1957, 487). Отповикувањето, всушност, се разгледува како укинување на веќе произведените дејства од подаркот од причини кои настапиле по склучување на договорот и затоа за него може да се зборува како вид на раскинување на договорот (Terré, Lequette, 1997, 413), и тоа со ретроактивно делување затоа што делува *ex tunc* (Ѓурѓевиќ, 2012, 223).

Во наследноправните описи, кај договорот за отстапување и распределба на имотот за време на живот, поимот отповикување се согледува и како барање за реституција на она што е на основа на договор пренесено, така што до отповикување може да дојде ако врз основа на договор се пренесени отстапените добра. Меѓутоа, за да дојде до отповикување договорниот однос мора да биде раскинат.

Каков е пристапот во пракса по ова прашање? Во судската пракса можат да се најдат бројни случаи каде поединечни тужители во своите барања за тужба бараат судот да го раскине, а други судот да го отповика договорот. Целта и ефектот кои со овие барања се остваруваат се идентични – ако судот утврди дека барањето е основано, со својата пресуда, која во зависност од содржината на барањето за тужба ќе гласи дека договорот се раскинува или отповикува, па ќе згасне договорниот однос и ќе му се наложи на примателот на имотот да ги врати примените добра (Лазаревиќ, 2010, 172). Секако, во тужбата мора да биде истакнато барањето дека отстапеното добро ќе се врати затоа што ако такво барање нема, судот само ќе го раскине договорот. Тогаш тужителот би можел со друга тужба во нова постапка да бара враќање на даденото.

[9] Во новата доктрина на наследното право се изнесуваат бројни аргументи дека доминантна карактеристика на овој договор е дека тој е даровно правно дело, па ни договорните обврски за потомците спрема отстапувачот или третото лице овој договор не го чинат товарна работа (Крстиќ, 2021, 91–94).

## 3. Причини за отповикување на договорот за отстапување и распределба на имотот за време на живот

Законодавецот на прашањето за отповикување на договорот за отстапување и распределба на имотот за време на живот му посветил сè на сè еден член во македонското и српското право.

Членот 192 од ЗОН на Србија содржи три посебни норми кои го уредуваат отповикувањето на оваа правна работа. Легислаторот зборува за отповикувањето (по барање на отстапувачот потомецот да му врати сè што примил врз основа на договорот) и кога примателите на имотот го стекнале потполно бестоварно и кога е договорен било каков товар, односно обврска за нив кон отстапителот или некое трето лице. Во поглед на отповикувањето, однесувањето на потомците кон отстапителот, односно неизвршувањето на одредени договорени налози законодавецот ги подредува во две категории: одредено (не)правење води „автоматски“ кон отповикување на договорот и реституција на даденото, додека поединечните постапувања не мора да имаат таква последица, туку за раскинување на договорот или принудното извршување на товарот одлучува судот, раководејќи се од одредени критериуми.

Експлицитно е пропишано дека отстапителот може од потомецот да бара сè она што примил од него, доколку е манифестирана груба неблагодарност кон него, ако не го дава договореното издржување или кога не ги исплатил долговите на отстапителот (чл. 192. ст. 1 и 2 ЗОН). Постоењето на некои од овие причини доведува до раскинување на договорот по автоматизам и враќање на стекнатото. Во случај на спор, судот треба само да утврди дали некои од пропишаните причини се оствариле и доколку е тоа случај, нема да навлегува во оценување на другите докази ниту да ги разгледува другите фактори, туку со пресуда договорот ќе го раскине и ќе наложи реституција на имотот.

Неизвршувањето на било кои други договорени обврски нема вакво дејство, туку му се препушта на судот на база на сите докази и по согледувањето на сите околности да донесе дефинитивна одлука за судбината на договорот и договорените обврски (чл. 192 ст. 3. ЗОН). Ваквото решение се оправдува со тоа што дека не се сите преземени обврски значајни за отстапувачот, па дека покрај општите права на тужба за извршување на договорените обврски треба да даде и право на еднострано раскинување на договорот кога обврските се од посебно значење за него (Антиќ, Балиновац, 1996, 492). Во теоријата различниот законски третман на договорените обврски е изложен на критика, затоа што, како што се наведува неизвршувањето на секоја од договорените обврски може да биде подеднакво важно за отстапувачот (Сворцан, 2004, 413–414, Стојановиќ, 2008, 34). Договорот може да се раскине кон еден, повеќе или кон сите потомци, како и кон сопружникот,[10] во зависност од тоа дали и каква

[10] Таков став одамна е заземен во југословенската судска пракса: Пресуда на Врховниот суд на НР Словенија, Гж. 323/59, од 01.10.1959 година, потврдена со пресуда на Сојузниот врховен суд, Рев. 2145/59, од 09.03.1960 година (извор: Kreč, Pavić, 1964, 363). И во литературата се наведува дека

причина настапила за раскинување.

Северна Македонија има специфични решенија кои се разликуваат не само од српскиот, туку и од решенијата од сите други права од просторите на поранешна Југославија. Кога потомците на отстапувачот презеле било каква обврска, отстапувачот може еднострано да го раскине договорот согласно на одредбите од чл. 113−125 од ЗОО на Република Северна Македонија, кои го регулираат едностраното раскинување на двостраните обврзувачки договори.[11] Македонскиот законодавец, значи, не прави никаква разлика во поглед на видовите на преземените обврски ниту пак на нивното значење за претците, како што е случај во останати права. Кога договорот за отстапување и распределба на имотот за време на живот е склучен без никаков товар за потомците, пропишана е слична примена на законските одредби за отповикување на подарокот поради крајните неблагодарности на потомок- примателот на имотот, искажани не само кон отстапителот туку и кон друго нему блиско лице.[12] Правото на раскинување на договоорт не е ограничено, туку може да се реализира со закон во предвидени рокови, субјективни и објективни. Отстапувачот може еднострано да го раскине договорот во рок од година дена поради сознанието за неблагодарност на потомецот, но не и по поминување на објективниот рок од 5 години, кој тече од денот на манифестиранaта неблагодарност.

### 3.1. За начинот на раскинувањето на договорот и враќање на даденото

Кога станува збор за начинот на раскинување на договорот за отстапување и распределба на имотот за време на живот, во теоријата се прави дистинкција меѓу раскинување на договорот поради груба неблагодарност и неисполнување на обврските за издржувањето и исплата на долгот, од една страна, и неизвршување на останатите договорени обврски, од друга страна. Според мислењето на многу автори, отстапителот со еднострана изјава на волја може да го отповика договорот кон својот потомок и сопружник, не само кога е искажана груба неблагодарност кон него, туку и кога е неизвршена договорената обврска за издржување или исплата на долговите (Gavella, Belaj, 2008, 431; Hrvatin, 2003, 134).[13]

---

сите права кои се однесуваат на раскинувањето на договорот кон потомците важат и во однос на сопружниците кое е опфатено со договоорот, иако тоа во законот не е експлицитмно предвидено (Kreč, Pavić, 1964, 357; Антиќ, Балиновац, 1964, 492).

[11] Член 1028 ст. 1 ЗООМК.

[12] Член 1028 ст. 2 ЗООМК кој упатува на примена на чл. 563 ЗООМК. Легислаторот не предвидува можност за раскинување на договорот за отстапување и распределба на имотот за време на живот поради немање на нужни средства за живот на отстапителот, кој е предвиден со член 564 ЗООМК како причина за раскинување на договорот за подарок.

[13] Проф. Ѓорѓевиќ (1976, 382) смета дека раксинувањето настапува со самата изјава на волја на отстапителот да го раскине договорот со одредено лице. Во случај на спор за основаноста на раскинувањето, задача на судот би била само да утврди дали постоеле пртепоставки за раскинување или не.

Договорот може да биде отповикан со усна изјва на волја на отстапителот упатена кон потомокот, само доколку примателот на имотот е согласен отстапените добра да ги врати на отстапителот само ако не станува збор за недвижности и други работи за кои се водат посебни регистри.[14] Дури и тогаш, кога примателот на движните добра е согласен да ги врати на отстапителот, причините на правната сигурност, како и и заштитата на интересите на лицето кон кое се раскинува договорот (за да може да го оствари правото на нужен дел), наложуваат таа изјава да биде во пишана форма.

Меѓутоа, што во случај ако примателот сака да ја врати недвижноста – дали усната изјава за отповикување ќе биде доволна? На основа на што во катастарот ќе се изврши промена на сопственоста на недвижноста, доколку потомците се впишани како сопственици? Ако лицето спрема кое договорот се отповикува не се противи на тоа, односно е согласно договорот да се раскине и да се врати недвижноста, се чини дека договорот треба спогодбено да се раскине во форма на јавнобележничка солемнизирана исправа, која е адекватна на нејзина основа да се изврши повторен упис на правата на сопственоста на отстапителот. Ако, пак, отстапителот и примателот на имотот спорат околу некое прашање, некои фактори, отстапителот мора да поднесе тужба кон примателот на имотот и да се обиде во парница да ги заштити своите интереси. Доколку отстапителот склучил договор со повеќе потомци, а договорот сака да го раскине спрема еден од нив, само него ќе го тужи затоа што овие приматели на имотот не се во положба на нужни сопарничари,[15] бидејќи не се носители на неделивите права и обврски и не мораат да бидат заедно тужени (Станковиќ, 2010, 154). Со тужба, отстапителот ќе бара од судот да утврди една од основите за раскинување на договорт на кој се повикува, договорот да го раскине, а на примателот на имотот да му наложи да ги врати стекнатите добра. Ако предмет на договорот била недвижност и се бара нејзино враќање, врз основа на правносилни и извршни пресуди на парничниот суд, во катастарот на недвижности повторно ќе биде впишано правото на сопственост на недвижноста на име на отстапителот.

Кога со договорот за отстапување и распределување на имотот за време на живот за потомок или сопружникот се договорени некои други обврски, освен оние од став 2 член 192 од ЗОН, а лицето кое е обврзано не ги изврши, тогаш отстапителот, исто така, со тужба ќе бара раскинување на договорот и враќање на отстапениот имот. Отповикувањето со еднострана изјава на отстапителот во овој случај не е можно.

[14] Член 68 од Законот за облигациони односи на Република Србија (*Сл. лист СФРЈ*, бр. 29/1978, 39/1985, 45/1989 – одлука УСЈ и 57/1989, *Сл. лист СРЈ*, бр. 31/1993 и *Сл. лист СЦГ*, бр. 1/2003 – Уставна повеља и *Сл. гласник РС*, бр. 18/2020) пропишува можност за раскинување на формалните договори со неформална спогодба, освен ако поинаку не е регулирано или ако поради целта заради која е формата пропишана не произлегува дека договорот мора да биде раскинат во истата форма.

[15] Тоа е констатирано и во јуридикацијата. Видете ја пресудата на Апелационитот суд во Ниш, Гж. 4041/17, од 02.11.2017 година (извор: *Paragraf Lex*).

### 3.2. Раскинување на договорот поради крајна неблагодарност

Во правото на Србија и Северна Македонија, договорот за отстапување и распределба на имотот за време на живот еднострано може да се раскине и да се бара враќање на даденото доколку потомецот кон отстапителот, својот предок покажал крајна (груба) неблагодарност.[16] Со своето однесување спрема отстапителот, потомците може да покажат одреден, помал или поголем степен на неблагодарност. Не е секоја искажана неблагодарност доволна за раскинување на договорот за отстапување и распределба на имотот за време на живот. Таа мора да има одредени квалитети, мора да биде квалификувана (Радишиќ, 1957, 488). Само грубата (крајна) неблагодарност е основа за раскинување на договорот и отповикување на даденото. Субјективното доживување на преносителот на имотот дека стекнувачот ги изневерил неговите очекувања или чувствата не може да се третира како релевантна околност за раскинување.[17]

Бидејќи поимот груба неблагодарност е класична причина за раскинување и отповикување на подарокот, блиското однесување што се третира за груба неблагодарност може да се најде во прописите кои го регулираат подарокот. Согласно одредбите на Српскиот граѓански законик, голема неблагодарност примателот на подарокот ја искажувал доколку на тој што го дава подарокот му го повредил правото на живот, телото, честа или му ја загрозил слободата и имотот.[18] Во Скицата на Законикот за облигациите и договорите не се набројани случаите кои се третираат како однесување кое се квалификува како голема неблагодарност. Нагласено е, меѓутоа, дека од оваа причина може да се раскине договорот, доколку примателот на подарокот овој вид на неблагодарност ја искажал со своето однесување не само кон давателот на подарокот, туку и кон неговите блиски лица.[19] Преднацртот на Граѓанскиот законик на Србија причините за „голема или мала неблагодарност“ ги класифицирал во три групи, така што тие посебно постојат: а) ако примателот на подарокот направил некое кривично дело кон давателот на подарокот или кон нему блиско лице; б) ако се неизвршени некои со закон одредени обврски или морални должности кон примателот на подарокот или нему блиско лице тешко згрешил за нив и в) ако е намерно причинета имотна или неимотна штета кон давателот на подарокот или нему блиски лица.[20] Впечатокот е дека, сепак, сите овие случаи се наброени *exempli causa*, и дека тоа не би требало да ги спречи судовите под груба неблагодарност да кваликфикуваат и некои други однесувања (исто: Ѓурѓевиќ, 2012, 248).

[16] Член 192 ст. 1 ЗОН; чл. 1028 ст. 2 ЗООМК.
[17] Одлука на Апелациониот суд во Крагуевац, Гж.2. 434/10, од 26.03.2010 година (извор: *Paragraf Lex*).
[18] § 567 Српски граѓански законик.
[19] Член 517 ст. 1 од Скицата.
[20] Член 754 ст. 2 Преднацрт на ГЗ. Преземено од: https://aks.org.rs/aks/wp-content/uploads/2020/08/4Branic-4_2018-ZA-GLASNIK-300-str.pdf. Посета на страната на: 12.05.2022.

Во теоријата можат да се најдат различни ставови за тоа што поимот „груба неблагодарност" опфаќа. Проф. Живојин Периќ (1934, 25–28) застапувал особено тесно гледиште и сметал дека треба да се исполнат два елементи за да се отповика подарокот поради груба неблагодарност и тоа: за извршување на кривично дело кон давателот на подарокот или оштетување на неговиот имот и субјективно-кривичноправни или граѓанскоправни замисли. Според Креч и Павиќ (1964, 358–359), големата неблагодарност ги опфаќа сите причини од кои нужниот наследник може да се исклучи од наследството,[21] како и причините за отповикување на подарокот кои ги предвидува СГЗ, при што и поблаго кривично дело против телото, честа, слободата и имотот, кое дури не мора да биде извршено со умисла, може да се окарактеризира како основа за раскинување. Проф. Сворцан (1988, 206) под груба неблагодарност го смета секое извршување на некое тешко кривично дело кон отстапителот и повторување на лесни кривични дела, како и вршење на работи кои можат да се третираат како морални престапи (како пример ја наведува ситуацијата кога децата не го посетуваат својот болен татко или долго време не му посветуваат никакво внимание). Проф, Перовиќ (1981, 620) не наведува случаи за кои смета дека мора да се подредат под груба неблагодарност, но укажува дека третирањето на актот на неблагодарност, како основа за раскинување, кој претставува кривично дело има оправдувања гледано од агол на правна сигурност, сепак е оправдано под груба неблагодарност да се вбројат и случаи кои не се кривични дела, а чија оцена треба да се препушти на судот во секоја посебна ситуација. Има и сфаќања дека грубата неблагодарност на потомците спрема отстапувачот треба да се изедначи со причините за исклучување од наследството (Крсмановиќ, 1998, 16), а таа да може да постои и кога нема кривична одговорност за примателот на подарокот (Билиќ, 1982, 1137).

Содржината на поимот груба неблгодарност (голема неблагодарност) во случај на спор сепак ја одредува судот во секој конретен случај, ценејќи ги сите релевантни околности, затоа што станува збор за правен стандард. Утврдувањето на постоење на голема неблагодарност е комплексно затоа што судовите мораат не само да го оценат однесувањето на потомците кон отстапителот (односно примателот на подарокот спрема давателот на подарокот), туку и однесувањето на преносителот на имотот, дали тој со своето постапување предизвикал или допринел односот да се влоши и грубото однесување на потомецот, дали до нарушувањето на односот дошло по склучување на договорот или конфликтите или тензиите постоеле и порано итн.

[21] Согласно чл. 47 ст. 1. од сојузниот ЗОН-а од 1955. година, нужниот наследник можел со тестаменет да биде исклучен од наследството: а) ако со повреда на некоја законска или морална обврска потешко згреши кон оставителот; б) ако со умисла направи потешко кривично дело спрема оставителот, неговиот сопружник, дете или родител; в) ако направил кривично дело насочено кон поткопување на јавната власт, кон независноста на земјата, нејзините одбранбени сили и поредок и г) ако се одал на неработа и нечесен живот.

Врховниот суд на Србија, ценејќи го постоењето на груба неблагодарност како основа за раскинувањето, навел: „*Постоење груба неблагодарност е фактичко прашање, за кое судот одлучува земајќи ги предвид сите околности на случајот, ценејќи го како вредносно мерило кое се однесува на правилата на моралот и добрите обичаи и тоа не се однесува само на работите кои можат да повлечат кривична одговорност*“.[22] Според стојалиштето на Апелациониот суд во Нови Сад, вредносното мерило на грубата неблагодарност *„се заснова на соодветен правен стандард, на тоа што најчесто се случува во една средина, според вообичаениот и редовниот тек на нештата*“.[23]

Во судската пракса можат да се најдат голем број одлуки каде судовите го ценеле постоењето на груба неблагодарност. Секако бројни се одлуките кои се однесуваат на искажаната неблагодарност кон договорот за подарок затоа што тој договор е значајно присутен во правниот живот, меѓутоа не е мал ниту бројот на случаите кои се однесуваат на раскинување на договорот за отстапување и распределба на имотот за време на живот. Според стојалиштето на највисоката домашна судска инстанца *„грубата неблагодарност претставува голема, крајна неблагодарнсот на потомецот, која може да постои ако потомецот со умисла би нанел на отстапувачот некоја телесна повреда, навреда на честа, му го одземал животот или му го оштетил имотот, или таквите дела биле направени на некое блиско лице на отстапителот ( на негов брачен другар, на децата, на родителите)“*.[24] Според тоа, оваа основа за раскинување на договорот, според мислењето на Врховниот суд, постои не само кога потомецот на некои од побројните противправни начини се однесувал кон отстапителот, туку и кон најблиските членови на неговото семејство.

Судовите, одлучувајќи за тужбените барања за раскинување на договорот за отстапување и распределба на имотот за време на живот, пронашле дека грубата неблагодарност постои кога потомецот навредливо се однесува спрема отстапувачот, кога физички го злоупотребува, му се заканува дека ќе го избрка од куќата.[25]

Бидејќи потомците кон своите родители имаат и законски и морални обврски, некои од нив кои се повредни можат да претставуваат еден вид на груба неблагодарност (на пр. грда, груба постапка спрема родителот, занемарување на должностите на почитување, грубо занемарување на посетување, како видови на повреда на моралните обврски), кога таквото однесување за родителот

[22] Одлука на Врховниот суд на Србија, Рев. 4219/97, од 19.11.1997 година (извор: Сворцан, 2004, 416).

[23] Одлука на Апелациониот суд во Нови Сад, Гж. 8637/10, од 02.09.2010 година (извор: *Paragraf Lex*).

[24] Пресуда на Врховниот суд на Србија, Рев. 2817/08, од 10.09.2009 година (извор: Станковиќ (ed.), 2018, 125).

[25] Одлука на Окружниот суд во Пожаревац, Гж. 1267/96 (извор: Избор судске праксе, 1997, 39); Пресуда на Врховниот суд на Србија, Рев. 1149/97, од 06.05.1997 године (извор: Избор судске пракса, 2000, 36).

претставува тешко грешење во врска со обврските во смисла на постоечките обичаи.[26] Според тоа, постапувањето на потомците кон своите родители кое има контури на груба неблагодарност построго се цени отколку кога е во прашање даровно располагање во корист на трети лица. Построго се цени и ако е преносителот стар и болен, особено ако му е ускратена помош и ако не му се набавуваат лекови,[27] не му се пружа помош во вид на водење на лекар, иако живее во ист двор[28] или не се посетува родител во болница, ниту се интересира за неговото здравје, што создава чувство на отфрленост и напуштеност.[29] Неблагодарноста на примателите на подарокот постои и кога застанал на страна на сопружникот кој навредува, физички напаѓа и го загрозува животот на дарателот на подарокот.[30]

Корисна основа за раскинување на договорот поради голема неблагодарност се смета и „рикошет неблагодарност" – случај кога примателот на подарокот сериозно ќе му згреши за некој близок сродник на дарателот на подарокот, каде навредата на дарателот на подарокот се нанесува посредно.[31] Поситните навреди на примателот на подарокот кои се возвратени на дарателот на подарокот во текот на нивните препирања исто така не можат да се третираат како основа за раскинување поради голема неблагодарност,[32] а ни престанувањето на комуникацијата само по себе не се смета за груба неблагодарност.[33]

Се поставува прашањето дали договорот за отстапување и распределба на имотот за време на живот поради груба неблагодарност на потомецот на кој му е отстапен имотот може да се раскине само доколку е склучен како класична бесплатна правна работа, т.е. кога примателот на имотот со договорот не презел никаква обврска.Размислувањата на правните писатели не се униформирани. Држејќи се строго на својот став дека договорот за отстапување и распредлба на имотот за време на живот може да биде склучен или како даровна или како товарна правно дело, проф. Сворцан (2004, 411) смета дека овој договор може да се раскине само кога по својата содржина е даровен или „делумно даровен", во кој случај отстапителот може да бара „враќање на оној дел на отстапениот имот кој претставува подарок". Според Креч и Павиќ (1964, 358), може да се

[26] Одлука на Врховниот суд на Србија, Рев.4219/97, од 19.11.1997 година (извор: Збирка судских одлука, 1998, 82).
[27] Пресуда на Врховниот суд на Србија, Рев. 535/04, од 01.12.2004 године (извор: Ѓурѓевић, 2012, 243).
[28] Пресуда на Апелациониот суд во Нови Сад, Гж. 619/10, од 29.04.2010 година (извор: Билтен судске праксе Апелационог суда у Новом Саду, 2010, 59–62).
[29] Пресуда на Врховниот суд на Србија, Гзз. 117/04, од 09.12.2004 година (извор: Лазаревиќ, 2010, 189).
[30] Одлука на Врховниот суд на Србија, Рев. 148/82 (извор: Сворцан, 2004, 417).
[31] Пресуда на Врховниот суд на Србија, Рев. 2168/06, од 15.11.2006 година (извор: *Paragraf Lex*).
[32] Пресуда на Врховниот суд на Војводина, Рев. 124/85, од 17.07.1985 година (извор: Гласник Адвокатске коморе Војводине, 1986, 39).
[33] Решение на Апелациониот суд во Крагуевац, Гж. 2787/12, од 23.07.2012 година (извор: *Paragraf Lex*).

раскине и мешовит договор за отстапување и распредлба на имотот за време на живот, а потомецот е должен да го врати она што го примил во целина. Притоа, нему му останува правото од отстапителот да го бара тоа што од своја страна го дал.

Ако се осврнеме на законското решение, ќе забележиме дека законодавецот не прави никакви поделби на договорот за отстапување и распределба на имотот за време на живот спрема тоа дали приемниците на имотот имаат било какви обврски на основа на договорот или не, ниту за тоа што ја врзува можноста за отповикување на договорот поради груба неблагодарност. На став сме дека ваквото решение е последица на законодавната минлива премиса за тоа дека договорт за отстапување и рапределба на имотот за време на живот секогаш е доминанто даровен и дека како таков треба да се разгледува. Бидејќи намерата е дарување, односно даровно отстапување и распределба на имотот на потомците (и сопружникот) секогаш присутна, дури и кога за примателите на имотот постои некоја обврска, сметаме дека секој договор, независно од договорениот товар, може да биде раскинат поради груба неблагодарност спрема отстапувачот.

За разлика од македонскиот, српскиот законодавец не пропишува рок во рамка во која договорот може да се раскине и да се изврши отповикување за распределба на имотот. Сметаме дека за остварување на целта за правната сигурност српскиот законодавец требало да одреди рамка во која отстапителот можел да го отповика тоа што му го дал на потомецот кој манифестирал груба неблагодарност кон него. Се чини дека решението на македонскиот законодавец кој предвидува можност отповикување во рок од година дена од сознанието за неблагодарност на потомецот, но не и по истекување на објективниот рок од пет години од искажаната неблагодарност било адекватно и за српското право.

### 3.3. Отповикување на договорот поради недавање на издршка и неплаќање на долговите

Неисполнувањето на договорените обврски е класична причина за раскинување на двострано-обврзувачките договори кои ги познаваат сите современи законодавства. Со таквото постапување едната договорна страна го повредува принципот на правичност и принципот на совесност и чесност (Перовиќ, 1981, 499), додека кај товарните договори неисполнувањето на обврските го нарушува и принципот на еквивалентност. Истовремено, се крши и принципот на корисноста, со што се осудува и целта на договорот (Ghestin, 1981, 58). Затоа со содоговарачот кој е верен на договорот, се гарантира правото да се раскине со проста изјава и да се бара надомест на штета која ја претрпел во текот на неделувањето на содоговарачот.[34]

Кога со договорот за отстапување и распределба на имот за време на живот е предвидена некаква обврска за потомците во однос на отстапителот (и неговиот сопружник), законодавецот презел да го оцени значењето на договорените

[34] Член 124 ЗОО.

обврски за предокот, придавајќи им поинаква тежина на одредени обврски преземени со договорот (Крстиќ, 2016, 72). Според, сфаќањето на законодавецот, неизвршувањето на договорените обврски за издржување или исплата на долговите има големо значење за отстапителот, ги загрозува неговите витални интерсеси и може да доведе до тешки последици па да му даде ексклузивно право со еднострана изјава на волјата да го раскине договорот и да бара враќање на отстапените имотни добра. Доколку отстапителот со тужба се обрати до судот и бара раскинување на договорот, судот со конститутивна одлука веднаш ќе го раскине договорот дека потомокот на отстапителот, или кое било друго лице, не го дал договореното издржување или не ги исплатил долговите на отстапителот, без впуштање во тоа дали за отстапителот поповолно е договорот да се одржи на сила, а потомецот да се санкционира и да се принуди да ја изврши обврската. Договорот, отстапителот може да го раскине спрема секој од потомците кои ги презеле овие обврски со договорот, а не ги извршуваат па може да се бара само во однос на еден враќање на даденото.

### 3.3.1. Отповикување на договорот поради недавање на издршка

Во текот на склучување на договорот за отстапување и распределба на имотот за време на живот, отстапителот за да обезбеди егзистенција може за себе или за некој друг да договори доживотна издршка. И додека недавањето издршка или потешко грешење на оваа обврска несомнено претставува причина за автоматско раскинување на договорот, се поставува прашањето дали делумното неисполнување на обврските за издржување, кога должникот во извесна мера ја исполнил обврската, меѓутоа не на начин, во обем, место, или спрема временски предвидениот рок, претставува основа за раскинување на договорот. Уште од првите години на примена на сојузниот ЗОН од 1955 година судската пракса зазела став дека нема основена причина за раскинување на договорот поради недавање на издршка (и груба наблагодарност), доколку потомецот во поголема мера ги исполнил договрените обврски и со своето однесување покажал дека сака да остане верен на договорот.[35]

Судската пракса е многу збогатена кога е во прашање оцената на исполнетоста на условите за раскинување на договорот поради делумно неизвршување на обврските за издршка кај договорот за доживотна издршка. Овие ставови можат да се применат и кај делумното недавање на издршка договорено во текот на склучување на договорот за отстапување и распределба на имотот за време на живот. Според стојалиштето на домашната јудикатура, договорот може да биде раскинат само доколку е делумно неизвршувањето на договорените обврски со таков интезитет да не се остварува корист поради која договорот е склучен.[36]

[35] Пресуда на Врховниот суд на НР Словенија, Гж. 15/59, од 23.04.1959 година, потврдена со пресуда на Сојузниот врховен суд, Рев. 970/59, од 09.01.1960 година (извор: Kreč, Pavić, 1964, 362–363).
[36] Видете: Решение на Окружниот суд во Белград, Гж. 7822/04, од 28.10.2004 година.

Договорот, меѓутоа, не може да биде раскинат поради неисполнување на не многу значаен дел на обврските,[37] освен во случај кога судот утврдил дека извршувањето на обврските изостанало и тоа во период кога поради болест на примателот на издршката било потребно потполно ангажирање на давателот, во кој случај не може да стане збор за неисполнување на не могу значаен дел од обврските.[38] Од друга страна, само повременото извршување на обврските се смета доволна причина дека договорот бил раскинат.[39] Неизвршувањето на обврските за издршка во долг временски период во судската пракса се смета за доволна основа за раскинување на договорот.[40] Меѓутоа, доколку една договорна страна со своето однесување го спречува содоговарачот договорните обврски да ги исполни, нејзината вина за неизвршување на обврските оневозможува да резултира со раскинување на договорот, со повикување на оваа околност.[41]

### 3.3.2. Раскинување на договорот заради неплаќање на долгови

Кога е договорено плаќање на долговите на отстапителот, а потомецот не го подмири долгот во одредениот рок за исполнување, или ќе задоцни, што за последица може да има плаќање на затезни камати, а во крајна линија може да доведе до принудна наплата на побарувањата во постапката на извршување. Тоа значајно би ги зголемило трошоците на отстапителот, како должник, затоа што тој одговара спрема доверителот и него го погодуваат последиците од запаѓање во должничко доцнење. Поради тоа, игнорирањето на потомокот на оваа обврска може да доведе до тешки последици за отстапувачот и во тоа лежи *ratio* решение отстапителот еднострано да може да го раскине договорот за отстапување и распределба на имотот за време на живот поради неплатени долгови.

Кај договорот за отстапување и распределба на имотот за време на живот се признава право на отстапителот еднострано да го раскине кога потомокот „не ги подмирил долговите на отстапителот“. Очигледно, законодавецот овде ја има предвид обврската на потомокот во потполност да ги исплати долговите. Ако

---

37 Видете: чл. 131. ЗОО.

38 Така: Решение на Окружниот суда во Ваљево, Гж. 679/07, од 06.07.2007 година.

39 Видете: Пресуда на Врховниот суд на Србија, Рев. 3052/04, од 22.12.2005 година (извор: Почуча, 2011, 162–163).

40 Видете: Пресуда на Врховниот суд на Србија, Рев. 2120/97, од 27.08.1997 година; одлука на Окружниот суда во Пожаревац, Гж. 1267/96 (извор: Избор судске праксе, 1997, 39). Во еден случај,кога давателот не давал издршка подолго од две години, судот нашол дека поради тоа не оствари корист од договорот и да се исполнети услови за неговото раскинување. Видете: одлука на Окружниот суд во Пожаревац, Гж. 760/95, од 09.06.1995 година (извор: Почуча, 2011, 160–161). Што се подразбира под трајно (во долг временски период) недавање на издршка е фактичко прашање кое го утврдува судот, земајќи ги предвид сите конкретни околности. Во секој случај, тоа е онолкав временски период на недавање издршка поради која е доведена во прашање егзистенцијата на примателот на издршката.

41 Видете: Решение на Окружниот суд во Крагуевац, Гж. 322/96, од 27.03.1996 година; Пресуда на Врховниот суд на Србија, Рев. 81/03, од 22.01.2003 година.

неисполнувањето биде делумно, впечатокот е дека отстапителот признал право на раскинување. Во тој случај, потомокот би имал право од отстапителот да бара надомест на она што го дал на име на делумното подмирување на неговите долгови.[42] Се чини, сепак, дека доколку овој случај на епилог добие на суд, во текот на оценувањето дали договорот да се раскине поради делумно неплаќање на долгот или да го одржи, судот би требало да ги има предвид сите околности, особено дали и во која мера поради изостанувањето на извршувањето на обврските му нанесе штета на отстапителот. Во принцип, се смета дека само делумното исполнување на главните (не и на споредните) обврски е причина за раскинување на договорот и кога со тоа е изневерено очекувањето од другата страна која имала предвид потполно исполнување, поради што го склучила и договорот (Lepeltier, 1934, 205).

Со Законот за облигациони односи пропишано е дека, кога исполнувањето на одредени обврски во рок не е битна сосотојка на договорот, доверителот мора на должникот да му остави примерен рок за исполнување на договорот освен ако од држењето на должникот произлегува дека тој својата обврска нема да ја исполни ниту во рок кој дополнително би му бил одреден, односно кога станува очигледно дека и во оставениот рок должникот нема да ја изврши должничката работа.[43] Кај договорот за отстапување и распределба на имотот за време на живот е спорно дали отстапителот е обврзан на потомокот да му дефинира одреден рок дали обврската за издршка или плаќање на долгот да ја изврши. Бидејќи зоконодавецот посебно ги апострофирал овие две обврски и им дал големо правно значење, имајќи ја предвид тежината на последицата по отстапителот поради нивното неизвршување, се чини дека отстапителот не би бил должен во овој случај да остави одреден рок на потомокот обврската да ја изврши, туку договорот може веднаш да го раскине. Ваквото стојалиште може во одредни случаи да биде неправично кон потомокот, со оглед на тоа што различните животни околности можат да условат да дојде до неизвршување на обврските. Во овој случај, пак, ако рокот за извршување на обврските е договорен, договорот поради неизвршување на обврските по поминување на рокот се раскинува по закон, освен ако отстапителот по неговото раскинување не го извести потомокот дека бара исполнување на договорот. Ако до тоа не дојде во разумен рок, може да изјави дека договорот се раскинува.[44]

Доверителот која страна се однесува *bona fides*, штетата ја трпи доколку должникот не ги исполни обврските независно од вината. Неисполнувањето на обврските согласно со договорот за него претставува неуредно исполнување па има идентичен интерес договорот да се раскине и во случај на скриено и нескриено неизвршување на обврските (Сворцан, 1988, 104). На него не се однесуваат причините поради кои содоговарачот не ја дава издршката. Законот

[42] Член 132 ст. 2 ЗОО.
[43] Член 126–128 ЗОО.
[44] Согласно чл. 125 ЗОО.

за облигационите односи непредвидува вина како услов за раскинување на договорот поради неисполнување.[45] Вината не се споменува ни кај должничкото доцнење – должникот запаѓа во доцнење кога во договорениот рок не ја исполнил обврската, односно кога доверителот ќе го повика да ја исполни обврската, кога рокот за исполнување не е одреден.[46] Во теоријата се наведува дека сепак треба да се земе предвид постоењето на виша сила, односно околностите за кои должникот не сноси никаква одговорност, а која оневозможила ја изврши обврската, почитувајќи принцип на теорија на ризик. Бидејќи вината се претпоставува и дека не треба да се докажува, *onus probandi* постоењето на овие околности би се товареле на должникот (Перовиќ, 1981, 504–505).

Од одредбата на Законот за наследување која пропишува право на отстапителот поради недавање на издршка или наплаќање на долгови да бара враќање на даденото, не произлегува дека вината на потомокот е услов за раскинување на договорот. Законодавецот, всушност, се определил за објективен пристап затоа што значењето на овие товари на страна на потомецот за отстапителот се толкави што неговата вина ја прават да изгледа ирелевантно.[47] Според тоа, отстапителот може да го раскине договорот спрема потомокот и кога тој не е виновен за неизвршување на наведените обврски.

### 3.3.3. Раскинување на договорот поради неизвршување на останатите обврски

Освен обврските за издржување и исплата на долговите на отстапителот, договорните страни можат да предвидат и други работи кои потомокот е должен да ги изврши. Тие можат да бидат бројни, различни по својот обем и содржина на пр. плаќање ренти, одржување на куќата, чување на животните и сл. На овие обврски законодавецот не придава такво значење како на двете погоре анализирани, па изостанува овластувањето на отстапителот покрај нивното неизвршување еднострано да го раскине договорот и да го бара даденото.

Кога ќе изостане извршувањето на овие обврски од страна на потомокот и во дополнителен примерен рок кој отстапителот му го оставил,[48] или тие неуредно се решават, отстапителот може од судот да побара раскинување на договорот. Судот е овластен да одлучи „дали отстапителот има право на враќање на дадените добра или право да бара принудно извршување на товарот“. Со закон е експлицитно пропишано дека при донесувањето на одлуките судот е

[45] Член 124 ЗОО.
[46] Член 324 ЗОО.
[47] Таков став зазеле домашните судови во случај на недавање издршка, сметајќи дека е објективно неизвршувањето на преземените обврски, без оглед на вината на договарачот, доволно за да може договорот да се раскине. Одлука на Врховниот суд на Војводина, Рев. 723/84, од 24.12.1984 година; одлука на Окружниот суд во Краљево, Гж. 1179/95, од 26.03.1996 година (извор: Почуча, 2011, 162–163).
[48] Согласно чл. 125 ст. 2 и 3. ЗОО.

должен особено да води сметка за значењето на товарот на отстапителот, како и за други релеватни околности за конкретниот случај.[49] Оценката за значењето на товарот за отстапителот мора да биде во што поголема мера објективна, во принцип, секоја обврска е важна за отстапителот со самото тоа што тој бара таа да биде договорена. Според тоа, сметаме дека секогаш кога оценува дека товарот е од особена важност за отстапителот, судот треба да нареди негово принудно извршување, доколку е тоа можно. Други важни околности кои судот е должен да ги цени во текот на донесувањето на одлуките зависат од различни можни ситуации дали дошло до нарушување на односите, кој е иницијално за тоа виновен, дали постојат некои објективни причини кои го спречиле потомокот да ги изврши обврските (одење на лечење, службен пат во странство и сл.) дали отстапителот му оневозможил на потомокот или му го отежнал извршувањето на должничките работи итн.

Договарачите, бидејќи тоа е во домен на нивната волја, можат да се спогодат неизвршувањето на одредени обврски од страна на потомокот може да произведе еднострано раскинување (во тоа смисла и: Сворцан, 1988, 409). Отстапителот, значи, во договорот може да внесе клаузула дека договорот ќе се раскине поради непочитување на некои од договорените обврски, која е за него особено значајна (*clausula irritatoria*) па судот во тој случај само треба да утврди дека постои повреда на таа обврска. Затоа, ако утврди дека наведената обврска е прекршена, судот ќе постапи по тужба и по истакнатото барање, договорот ќе го раскине. Притоа судот треба да води сметка дали договорените калузули се допуштени, затоа што клаузулите спротивни на дозволените, на јавниот поредок или добрите обичаи се ништовни па тогаш отстапителот не би можел за себе да резервира право на еднострно раскинување на договорот и отповикување на отстапените имотни добра.

## 4. Заклучок

Српскиот и македонскиот законодавец како основа за еднострано отповикување на договорот и распределба на имотот за време на живот пропишуваат искажување на груба (крајна) неблагодарност на лицето на кого е имотот отстапен спрема отстапителот. Ова е класична причина за еднострано отповикување на даровните правни дела (договор за подарок), а постојањето на овој квалификуван вид на неблагодарност го утврдува судот во секој конкретен случај, на база на совесни и грижливи оцени на сите докази и согледување на сите околности. Од друга страна, осиромашувањето на отстапителот, како една од основите да се отповика тоа што со договорот е пренесено, не е предвиден кај договорот за отстапување и распределба на имотот за време на живот, за разлика од договорот за подарок. Сметаме дека оваа основа за отповикување треба да биде пропишана и за договорот за отстапување и распределба на имотот за време на живот. Самиот факт дека отстапителот по склучувањето

[49] Член 192 ст. 3. ЗОН.

на договорот останал без нужни средства за живот при што договорот не ги заштитил неговите егзистенцијални интереси со договорањето за доживотна издршка, доживотна рента или конституирање на правото на уживање на отстапениот имот, оправдано го доведува во прашање ваквиот договор. Во согласност е со постулатите на дистрибутивната правда, која се применува кај даровните договори, ако преносителот осиромаши до толку да нема средства за живот, стекнувачот ако сака да го одржи договорот има обврска на издржување на преносителот. Таквото решение би било единствено правично затоа што имотните добра се стекнуваат бесплатно во спротивно, отстапителот треба да признае право на раскинување на договорот поради осиромашување.

Кога лицата на кои им е отстапен имотот со договорот преземале каква било обврска, во македонското право отстапителот може еднострано да го раскине договорот во согласносност со одредбите од Законот за облигационите односи кои го регулираат едностраното раскинување на двострано обврзувачките договори. Српскиот законодавец, пак, прави дистинкција меѓу преземените обврски за примателот на имотот, т.е. договорот може еднострнао да се отповика ако тие не дале договорено издржување или ги исплатил долговите на отстапителот. Во случај на неисполнување на некои други договорени обврски, судот на база на процена на важноста на товарот за отстапителот и другите околности ќе одлучи дали остапителот има право на враќање на отстапените добра или право да бара принудно извшување на товарот. Спорно е што законодавецот зел за себе да ја оцени важноста на обврската за отстапителот и во првите два случаја предвидел можност за еднострано „автоматско“ отповикување на договорот. Имено, оправдано може да се третира дека и другите договорени обврски од страна на примачот на имотот се значајни за отстапителот, затоа што отстапителот инаку не би инсистирал тие да бидат внесени во договорот.

Она што несомнено е недостаток во Законот за наследување на Србија е непропишување на субјективните и објективните рокови во чии рамки договорот може да се раскине. Се чини дека роковите пропишани во правото на Северна Македонија се адекватни и во интерес на правната сигурност. Како најголем пропуст на македонскиот законодавец може да се истакне непредвидувањето на правните последици на раскинување на договорот за отстапување и распределба на имотот за време на живот. Секако би било корисно, како да се отстранат овие дилеми во пракса, и во македонското право да се пропише дека потомокот, во однос на кој договорот е раскинат, ќе може да го обезбеди нужниот дел од договорните раполагања направени во корист на другите потомци доколку ги исполнува условите за нужниот наследник.

**Користена литература**

1. Антић, О. (2008). Облигационо право. Београд: Службени гласник.
2. Антић, О., Балиновац, З. (1996). Коментар Закона о наслеђивању. Београд: Номос.
3. Билић, С. (1982). Опозивање поклона због незахвалности, Правни живот, 11.
4. Gavella, N., Belaj, V. (2008). Nasljedno pravo. Zagreb: Narodne novine.
5. Ghestin, J. (1981). Korisno i pravično u ugovorima. Pravni život, 8–9.
6. Ђурђевић, М. (2012). Уговор о поклону. Београд: Правни факултет Универзитета у Београду, Центар за издаваштво и информисање.
7. Kreč, M., Pavić, Đ. (1964). Komentar Zakona o nasljeđivanju (sa sudskom praksom). Zagreb: Narodne novine.
8. Крсмановић, Т. (1998). Уговор о уступању и расподели имовине за живота. Избор судксе праксе, 11.
9. Крстић, Н. (2016). Неке специфичности у регулисању уговора о уступању и расподели имовине за живота у српском и македонском праву. Social Trend in the Global World, зборник радова са треће научне конференције. Правен факултет Штип.
10. Крстић, Н. (2021). Уговор о уступању и расподели имовине за живота. Ниш: Правни факултет Универзитета у Нишу, Центар за публикације.
11. Лазаревић, Д. (2010). Уговор о поклону. Београд: Пословни биро.
12. Lepeltier, E. (1934). La Résolution Judiciaire des Contracts pour Inexécution des Obligations. Paris.
13. Перић, Ж. (1934). Специјални део рађанског права II. Облигационо (тражбено право). Други део. Специјални део облигационог (тражбеног) права. О уговорима, Београд.
14. Перовић, С. (1981). Облигационо право. Београд: Службени лист СФРЈ.
15. Почуча, М. (2011). Уговор о доживотном издржавању. Нови Сад: Правни факултет за привреду и правосуђе.
16. Радишић, Ј. (1957). Ревокација поклона. Анали Правног факултета у Београду, 4.
17. Сворцан, С. (2004). Коментар Закона о наслеђивању Србије, са судском праксом. Крагујевац: Правни факултет Крагујевац.
18. Сворцан, С. (1988). Раскид уговора о доживотном издржавању. Београд: Савремена администрација.
19. Станковић, Г. (2010). Грађанско процесно право, прва свеска Парнично процесно право. Ниш: Правни факултет у Нишу, Центар за публикације.
20. Стојановић, Н. (2008). Уговор о уступању и расподели имовине за живота – законодавство, теорија и пракса. Зборник радова Правног факултета у Нишу, 51.
21. F. Terré, Y. Lequette, (1997). Droit civil – Les successions. Les libéralités, Paris: Dalloz.

22. Hrvatin, B. (2003). Nasljednopravni ugovori, у: Crnić, J., Dika, M., Hrvatin, B., Jelčić, O., Josipović, T., Matko Ružđak, J., Koharić, Z. Novo nasljednopravno uređenje. Zagreb: Narodne novine.

**Прописи**

1. Закон за облигационите односи Северне Македоније. Службен весник на РМ. 18/2001, 78/2001 − одлука на УС, 4/2002, 59/2002 − одлука на УС, 5/2003, 84/2008, 81/2009, 161/2009, 23/2013 – др. закон и 123/13 – испр.;
2. Закон о наслеђивању Републике Србије. Сл. гласник РС, 46/1995, 101/2003 – одлука УСРС и 6/2015;
3. Закон о наслеђивању ФНР Југославије. Сл. лист ФНРЈ, 20/1955 и Сл. лист СФРЈ, 42/1965 и 47/1965;
4. Закон о облигационим односима Републике Србије. Сл. лист СФРЈ, 29/1978, 39/1985, 45/1989 – одлука УСЈ и 57/1989, Сл. лист СРЈ, 31/1993, Сл. лист СЦГ, 1/2003 – Уставна повеља и Сл. гласник РС, 18/2020.